„Аллаху мој, сочувај ме од Твојата казна на Денот кога ќе ги собереш или кога повторно ќе ги оживееш Своите робови.“

Хузејфе бин Јеман, Аллах нека е задоволен со него, пренесува: Кога Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, сакаше да заспие, ја ставаше раката под главата и велеше: „Аллаху мој, сочувај ме од Твојата казна на Денот кога ќе ги собереш или кога повторно ќе ги оживееш Своите робови.“

[رواه الترمذي] [صحيح]

Кога Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, легнуваше за да спие, ја потпираше својата десна рака и го ставаше десниот образ врз неа, па велеше: „Аллаху мој, Господару мој, сочувај ме и заштити ме од Твојата казна на Денот кога ќе ги собереш или кога повторно ќе ги оживееш Твоите робови за пресметка – на Судниот ден.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6167